ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**21 Февруари 2020 година, Гевгелија Број 2 Година XXXIX**

Врз основа на член 40 став (1) алинеа 2 и член 53 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 20.02.2020 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За разрешување член во Комисијата за прашања на избори и именувања на Советот на Општина Гевгелија**

1.**Се разрешува Петар Јанчев** од функцијата член на Комисијата за прашања на избори и именувања при Советот на Општина Гевгелија.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-428/1
20.02.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 40 став (1) алинеа 2 и член 54 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 20.02.2020 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За избор на член во Комисијата за прашања на избори и именувања на Советот на Општина Гевгелија**

1.**Се избира Александра Кочева**, на функцијата член на Комисијата за прашања на избори и именувања при Советот на Општина Гевгелија.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-429/1
20.02.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 40 став (1) алинеа 4 и член 53 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 20.02.2020 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За разрешување член на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Советот на Општина Гевгелија**

1.**Се разрешува Петар Јанчев** од функцијата член на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Советот на Општина Гевгелија.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-430/1
20.02.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 40 став (1) алинеа 4 и член 54 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 20.02.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на член на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Советот на Општина Гевгелија**

1.**Се избира Александра Кочева**, на функцијата член на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Советот на Општина Гевгелија.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-431/1
20.02.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 год.), член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.12.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници вработени во општина Гевгелија за 2020 година**

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници вработени во општина Гевгелија за 2020 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.16/19 год.), во член 1 став (1), бројот 81,10 се заменува со 81,60.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува од 01 Јануари 2020 година.

Бр.09-432/1
20.02.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.), а во врска со член 36 став (4) од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр.64/05, 04/08, 103/08, 15/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16г.) и член 38 став (1) точка 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 20.02.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## за зголемување и пренамена
## на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година

### Член 1

Со оваа Одлука се врши пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година, кој што е објавен во ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.16/2019 год.), во делот на буџетот на блок-дотации и во делот на буџет-донации и пренамена во делот на буџетот на основен буџет, на следниот начин:

| Потпрограма и назив на програмата / Потставка и опис на потставката | Буџет | самофинанс. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.Се зголемуваат приходите на следните потставки на буџет-блок дотација:** | | | | | |
| **А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| **741114 Пренесени вишок на приходи од претходната година** | | | **30.071.183** | | |
| **и се распоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки на буџетот на блок-дотации-930** | | | | | |
| -Н10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | | | | | |
| 421240 Течни горива | | | 3.160.998 | | |
| 432110 Канцелариски материјали | | | 2.000.000 | | |
| 424210 Одржување на згради | | | 4.000.000 | | |
| 425760 Превозни услуги во образованието | | | 2.000.000 | | |
| 481140 Купување на информатичка и воена опрема | | | 1.725.000 | | |
| 482930 Реконструкција на други објекти | | | 2.000.000 | | |
| 483120 Купување на училишен мебел | | | **400.000** | | |
| -Н20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ | | | | | |
| 421240 течни горива | | | 300.000 | | |
| 423810 Ситен инвентар | | | 110.000 | | |
| 480150 Купување на кујнска опрема | | | 1.950.000 | | |
| 482930 Реконструкција на други објекти | | | 6.473.887 | | |
| 483120 Купување на училишен мебел | | | 1.000.000 | | |
| -В10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | | | | | |
| 424210 Одржување на згради | | | 2.000.000 | | |
| 483120 Купување на училишен мебел | | | 2.000.000 | | |
| -К10 БИБЛИОТЕКАРСТВО | | | 20.000 | | |
| 420120 Патувања во земјата патни расходи | | | 75.000 | | |
| 421110 Електрична енергија | | | 75.000 | | |
| 423110 Канцелариски материјали | | | 25.000 | | |
| 424210 Одржување на згради | | | 36.000 | | |
| 425110 Изнајмување на канцелар.простор | | | 30.761 | | |
| -К20 МУЗИЧКА И СЦЕНСКО УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | | | | | |
| 420110 Патувања во земјата хранарина (дневница) | | | 20.000 | | |
| 421110 Електрична енергија | | | 369.400 | | |
| 423110 Канцелариски материјал | | | 81.637 | | |
| 424210 Одржување на згради | | | 30.000 | | |

| | |
|---|---|
| 425990 Други договорни услуги | 172.000 |
| 426990 Други тековни расходи | 91.500 |

**2.Се зголемуваат приходите на следната потставка на буџет-донации-785**

А00 СОВЕТ НА ОПШТИНАТА

| | |
|---|---|
| 742111 Приходи од Обединетите нации | 190.000 |
| 742114 Приходи од Европската унија | 8.910.000 |

**И се распоредуваат на следната потпрограма и расходни потставки на буџетот, на буџет донации -785**

-Г10 ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

| | |
|---|---|
| 401130 Основни плати – други вработени | 160.000 |
| 402110 Основни придонеси за ПИО | 30.000 |

-ЈЛ0 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

| | |
|---|---|
| 482920 Изградба на други објекти | 8.910.000 |

**3. Се врши пренамена-намалување на следната потпрограма и расходната потставка на буџетот на основен буџет-630**

-Н10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

424210 Одржување на згради -800.000

И се врши зголемување на следната потпрограма и расходна поставка на буџетот на основен буџет-630

-ЈИО-изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води

482320-Изградба на пречистителни станици и колектори 800.000

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", и е составен дел на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година.

Бр.09-433/1
20.02.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 год.) и член 38 став (1) точка 30 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“, бр.25/06, 08/10 и 18/14), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 20.02.2020 година, ја донесе следнава:

## ОДЛУКА
## за учество на Општина Гевгелија во проект за „Изградба на фекална канализациона мрежа во село Милетково со препумпна станица”

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат средства за учество на Општина Гевгелија во проектот за **„Изградба на фекална канализациона мрежа во село Милетково со препумпна станица”**, на објавениот јавен повик од Бирото за регионален развој.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за изградба на фекална канализација со препумпна станица во село Милетково, со износ во висина од 7.819.025 денари.

**Член 3**

Средствата за оваа намена се обезбедуваат од Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување и ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-434/1
20.02.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 38 став (1) точка 30 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија", бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 20.02.2020 година, ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
**за учество на општина Гевгелија во проектот за „Доизградба на локален пат до с.Ума – одвојување од регионален Р112, Гевгелија – Смрдлива Вода"**

**Член 1**

Со оваа одлука се обезбедуваат средства за учество на општина Гевгелија во проектот за „**Доизградба на локален пат до с.Ума – одвојување од регионален Р112, Гевгелија – Смрдлива Вода**", на објавениот јавен повик од Бирото за регионален развој.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за Доизградба на патот, со износ во висина од 809.234 денари.

**Член 3**

Средствата за оваа намена се обезбедуваат од Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување и ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-435/1
20.02.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 7 став (1) и (2) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18г. и "Службен весник на РСМ" бр.98/19г.) и член 38 став (1) точка 24 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), а во врска со Одлуката за стопанисување со јавните паркиралишта во Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.09/16 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 20.02.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## за определување на зони за зонско паркирање на подрачјето на град Гевгелија

### Член 1

Со оваа Одлука се определуваат јавните паркиралишта и другите јавни површини на подрачјето на град Гевгелија (во понатамошниот текст: површини за зонско паркирање) на кои ќе се применува системот на зонско паркирање како и начинот, условите на паркирање, времетраење на паркирање, негово ограничување, начинот на наплатата како и начинот на означување на ограничувањето на отворените јавни паркиралиште или зонско паркирање.

### Член 2

Зонското паркирање се применува на цела територија на град Гевгелија поделено по зони, односно: прва црвена зона „А“, втора жолта зона „Б“ и трета зелена зона „Ц“.

Зонското паркирање ќе го организира ЈПКД„Комуналец“-Гевгелија, согласно Одлуката за стопанисување со јавните паркиралишта во Општина Гевгелија под бр.09-2104/1 од 16.09.2016 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.09/16 год.)

Со организаторот ќе биде склучен договор за примена на сите активности и услови предвидени со зонското паркирање

Договорот во име на општина Гевгелија ќе го потпише Градоначалникот на општина Гевгелија.

### Член 3

Прва црвена зона „А“ го опфаќа порачјето на следниве улици:

- ул."7 Ноември" од Амамот до крстосница со "Маршал Тито" и "Димитар Влахов"
- ул "Димитар Влахов" до крстосница со "Јосиф Јосифовски" и "Ристо Фршинин"
- ул. "Маршал Тито" од крстосница со "Ѓорѓи Велков" до крстосница со "7 Ноември" и "Димитар Влахов"
- ул. "Гевгелиски партизански одреди" (освен паркинг пред СОУ "Ј.Јосифовски")
- ул."Маршал Тито" –Библиотека до крстосница со "Таља Бикова" и "Мирче Ацев"

### Член 4

Втората жолта зона „Б“ го опфаќа подрачјето помеѓу границата со зоната „А“ до улиците:

- ул. "Кирил и Методи"
- ул. "Борис Карпузов"
- ул. "Ристо Фаршинин"
- ул "Јосиф Јосифовски" до спортска сала „Партизан“
- ул. "Гевгелискии партизански одреди" –паркинг пред СОУ "Ј.Јосифовски"

- ул. "С.М. Данко" до крстосница со ул. "Борис Кидрич"
- ул. "Радован Ковачевиќ" до крстосница со ул, "Деко Ковачев"
- ул "Булевар Гевгелија" до семафори (крстосница со "Деко Ковачев")

Во оваа зона влегуваат следните јавни површини наменети за паркирање:

- посебен паркинг простор на Библиотека "Гоце Делчев",
- посебен паркинг простор кај спортска сала "26 Април",

**Член 5**

Во третата зелена зона „Ц“ влегува преостанатиот дел од територијата на град Гевгелија односно:

- ул. "Ѓорѓи Стамов" и паркингот пред Итната медицинска помош
- ул."Гоце Делчев",
- ул. "Миле Пецанов" (од крстосница со ул. Леонид Јанков до крстосница со ул.Панче Пешев") и паркингот на Новиот градски пазар,
- ул. "Булевар" (од семафори до кружен тек)

и оние јавни површини кои не влегуваат во претходно наведените зони.

**Член 6**

Организаторот на паркирањето со овој акт ги утврдува паркинг местата на паркинг просторите, сообраќајниците и тротоарите и на слободните површини на кои е дозволено паркирањето во рамки на зоните, ги уредува прашањата за начинот и постапката за наплата на паркирањето преку СМС пораки и паркинг-картички, постапката за повластено паркирање, постапка за резервација, постапката и начинот на употреба на блокатори на тркалата, постапката и начинот на наплата на доплатен билет, како и други прашања кои се однесуваат на паркирањето.

**Член 7**

Организаторот на паркирањето на секој паркинг простор (затворен или отворен) е должен да ја означи соодветна зона, да постави вертикална и хоризонтална сигнализација, информативни табли за видот на возилата мои можаат да се паркираат, времето на максимално дозволено паркирање, цената на паркирањето, начинот на плаќањето, како и други информации кои се неопходни за информирање на корисниците на услугите на паркирањето.

**Член 8**

Наплатата на паркирањето ќе се врши согласно Ценовникот што ќе го изготви и предложи ЈПКД„Комуналец“-Гевгелија, за којшто треба да добие согласност од Советот на општина Гевгелија.

Наплатата ќе се врши од понеделник до сабота. Од понеделник до петок наплатата ќе се врши во период од 07:00 часот до 21:00 часот, а во сабота од 07:00 часот до 17:00 часот.

Работното време на паркинзите го утврдува организаторот на паркирањето во рамки на работното време од претходниот став.

Во недела и за државни празници зонскиот режим на паркирање нема да се применува и наплатува.

Времетраењето на паркирање во Зона „А“ е ограничено на 120 минути, во Зона „Б“ и Зона „Ц“ времетраењето на паркирањето е без ограничување.

Повластено паркирање важи само за зоните за кои е одобрено.

Претплатна паркинг карта важи за сите зони.

**Член 9**

Наплатата на цената на паркирање се врши преку мобилен телефон или паркинг-картички.

Паркинг-картичките можат да бидат за временски ограничено паркирање од еден час, како и дневни паркинг карти.

Дневна паркинг карта важи за сите зони.

При испраќање на СМС порака корисникот веднаш добива информација дали е започнато паркирањето и со која регистарска табличка.

Доколку има грешка во испраќањето на пораката, добива повратна информација за точната содржина на пораката за почеток на паркирање.

Цената на пораката е во рамките на цените за пораките на мобилните оператори или пониска, во зависност од постигнатиот договор со операторите. Повратната порака е бесплатна.

Во случај кога корисникот ќе ја изврши наплатата преку паркинг-картичка, негова должност е да ја изложи видливо од внатрешната страна на ветробранското стакло за да биде видлива на контролорите за зонско паркирање.

**Член 10**

Физичките лица (станари, лица со инвалидитет) и правни лица (корисници на деловен простор) можат површините за паркирање од член 3 да ги користат со повластени паркинг билети.

Повластен паркинг билет го издава ЈПКД „Комуналец“ – Гевгелија.

Основ за стекнување повластен пакринг билет за станари претставува важечка лична карта и важечка сообраќајна дозвола, под услов адресата на живеење на сопственикот на возилото од личната карта да е идентична со адресата од наведената сообраќајна дозвола, освен во случај кога поднесителот бара користење на површини за паркирање за автомобил кој е под лизинг, или има договор за закуп на стан (деловен простор).

Користење на повластен билет по овој основ го исклучува користењето на повластен билет по основ на став 2 од овј член.

Повластени паркинг билети за станари со идентична адреса на живеење може да бидат издадени само за 2 (две) возила.

Лица со инвалидитет кои се станари на улица во одредена зона можат да ги користат површините за паркирање бесплатно. Бесплатен паркинг билет на лицата со инвалидитет издава ЈПКД „Комуналец“ – Гевгелија.

Правните лица, корисници на деловен простор кој гравитира во подзоната се стекнуваат со повластен паркинг билет најмногу за 3 (три) возила, доколку адресата од сообраќајната дозвола е идентична со седиштето од решението за упис во Централниот регистар, како и во случај кога подносителот бара користење на површините за паркирање на возило под лизинг.

Физички лица, станари, кои користат службени возила во период од 24 часа се стекнуваат со право на користење на повластен паркинг билет врз основ на потврда заверена на нотар.

Достава на стока се врши од 23:00-10:00 часот и од 16:00-19:00 часот со задржување до 30 минути. Одобрувањето за достава на стока за возилото треба да биде изложено од внатрешната страна на ветробранското стакло.

**Член 11**

Подрачни единици (оделенија) на државни органи, сместени во подрачјето на Зоната „А“ и „Б“, користат бесплатно паркинг простори за своите службени возила.

Одобрението за бесплатно користење на паркинг простор, по нивно барање за службените возила им го издава ЈПКД „Комуналец" – Гевгелија.

Бесплатно паркирање, ЈПКД „Комуналец" – Гевгелија може да одобри на возилата на службата на итна медицинска помош, противпожарни возила, Министерство за внатрешни работи на Република Македонија и возилата на ЈПКД „Комуналец" , по претходно барање од наведените органи.

ЈПКД „Комуналец" – Гевгелија може, за свои потреби, како и по барање на Општина Гевгелија да овозможи бесплатно паркирање на поедини возила, во случај на организирање на културно-спортски и слични манифестации.

**Член 12**

Доколку корисникот не изврши наплата на услугата за паркирање на начин согласно со оваа Одлука (наплата од мобилен телефон, преку греб-картичка, не е сопственик на некоја од наведените дозволи или го пречекорил временското ограничување на зоната), ќе се смета дека паркирањето е нелегално или непрописно паркирано.

За непрописно паркирано возило се смета она возило кое е паркирано надвор од обележаното место или е паркирано на место кое е наменето за друг тип на возила или корисници.

Во овие случаи, овластените лица на организаторот на паркирање можат да издадат доплатен билет, да извршат блокирање на тркалата или отстранување на возилото од паркиралиштето со специјално возило-пајак.

**Член 13**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-436/1
20.02.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год. ), и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10 и 18/14 год.), а во врска со член 13 став (3) од Законот за Библиотеките ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 20.02.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата на Јавната општинска установа Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2019 година, усвоен и предложен од Управниот одбор на јавната установа со Одлука бр.02-19/1 од 10.02.2020 година.

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-437/1
20.02.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10 и 18/14 год.), а во врска со член 13 став (3) од Законот за Библиотеките ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 20.02.2020 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

1.Се усвојува Програмата за работа на Јавната општинска установа Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2020 година, усвоена и предложена од Управниот одбор на јавната општинска установа со Одлука бр.02-19/3 од 10.02.2020 година.

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-438/1
20.02.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 13 став (3) од Законот за библиотеките (" Службен весник на РМ" бр..66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 20.02.2020 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

1.Се усвојува Финансовиот план на Јавната општинска установа Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2020 година, усвоен и предложен од Управниот одбор на установата под бр.02-174/2 од 15.11.2019 год.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-439/1
20.02.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 7 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11………11/18 год.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 20.02.2020 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата на Јавната општинска установа Дом на култура "Македонија" од Гевгелија за 2019 година, усвоен и предложен од Управниот одбор на јавната општинска установа со Одлука бр.02-12/3 од 12.02.2020 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-440/1
20.02.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 7 од Законот за култура (Службен весник на РМ" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11……11/18 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 20.02.2020 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1.Се усвојува Годишната програма за работа на Јавната општинска установа Дом на култура "Македонија" од Гевгелија за 2020 година, усвоена и предложена од Управниот одбор на јавната општинска установа со Одлука бр.02-12/4 од 12.02.2020 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-441/1
20.02.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со член 36 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр. 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11..........11/18 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 20.02.2020 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

1.Се усвојува финансовиот план на Јавната општинска установа на ЈОУ Дом на култура "Македонија" Гевгелија за 2020 година, усвоен и предложен од управниот одбор на оваа установа со Одлуки бр.02-98/1, 02-98/2 и 02-98/3 од 11.11.2019 год..

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-442/1
20.02.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 7 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11……11/18 год.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина

Гевгелија" бр.25/06, 8/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 20.02.2020 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1.**Се усвојува** Годишниот извештај за работата на Јавната општинска установа Пионерски дом "Јосип Броз-Тито" од Гевгелија за 2019 година, усвоен и предложен од Управниот одбор на оваа јавна установа со Одлука бр.02-6/4 од 12.02.2020 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-443/1
20.02.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на член 7 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11…….11/18 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10 и 18/14год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 20.02.2020 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1.Се усвојува Годишната програма за работа на Јавната општинска установа Пионерски дом "Јосип Броз-Тито" од Гевгелија за 2020 година, усвоена и предложена од Управниот одбор на јавната установа со Одлука бр.02-6/3 од 12.02.2020 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-444/1
20.02.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 36 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11 и 51/11 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 20.02.2020 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за усвојување на финансовиот план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито" – Гевгелија за 2020 година**

1.Се усвојува финансовиот план на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито"- Гевгелија за 2020 година, усвоен и предложен од Управниот одбор на установата со Одлука бр.05-57/1 од 05.12.2020 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-445/1
20.02.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 7 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр.49/03-пречистен текст, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11........11/18 год.), и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 20.02.2020 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

1.**Се усвојува** Годишниот извештај за работата на Јавната општинска установа Работнички Универзитет "Кирил и Методија" од Гевгелија за 2019 година, усвоен и предложен од управниот одбор на оваа јавна општинска установа под бр.02-8/5 од 11.02.2020 година.

2.Ова решение влегува во сила на денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија"

Бр.09-446/1
20.02.2020 год.
Гевгелија

Претседател
